**Известување за концентрација**

**Помеѓу физичко лице Благој Механџиски од Скопје и Трговско друштво за внатрешен и надворешен промет ЗЕГИН ДОО Скопје**
(**предмет бр.** 08-87/2011)

1. Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (Службен весник на Република Македонија бр.145/10 и 136/1), на ден 23.12.2011 година, Комисијата за заштита на конкуренцијата прими известување за концентрација со која **физичко лице Благој Механџиски од Скопје** во смисла на одредбите од член 12 од Законот за заштита на конкуренцијата, стекнува контрола врз **Трговско друштво за внатрешен и надворешен промет ЗЕГИН ДОО Скопје Ул. Народен фронт бр.5/3-1 Скопје**, ***по пат на купување на удели.***

2.Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:

2.1 **физичко лице Благој Механџиски од Скопје и**
2.2 **Трговско друштво за внатрешен и надворешен промет ЗЕГИН ДОО Скопје – трговија на големо со фармацевтски производи**

3. Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

4. Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на факс: 02 3296 466, на адреса: ул. Мито Хаџивасилев Јасмин бб, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.

26.01.2012 година
Скопје